

## ЈА КОНТАКТИРАВМЕ ВО АНГЛИЈА

### Елпида Хаџи-Василева

**„Во Лондон дојдов како бебиситерка, а магистрирав со стипендија од фондацијата на големиот Хенри Мур", вели 33-годишната кавадарчанка Елпида Хаџи-Василева, дел од ликовната група уметници од Англија кои ќе учествуваат на претстојното Венециско биенале. Таа е во Англија од 1996 година, каде што дошла по неуспешниот обид да се запише на Ликовната академија во Скопје и каде ја реализирала својата желба да биде уметник**




# МАКЕДОНКА ВО АНГЛИСКИОТ ПРОЕКТ ЗА ВЕНЕЦИСКОТО БИЕНАЛЕ



Попозната е во Англија и Европа отколку во Македонија, што веројатно е и нормално бидејќи **Елпида Хаџи-Василева** своето ликовно образование - факултетот и постдипломските студии - го завршила во Англија, каде што ѝ се случија и најголемите успеси на авторски план досега. Има дипломирано на Школата за уметност во Глазгов во 1996 година, а во 1998 година ги завршила постдипломските студии на Кралскиот колеџ за уметност, исто така, во Глазгов. Досега во Англија реализирала девет самостојни изложби, десеттата, во јануари идната година, ќе се одржи во Даблин (Ирска), а нејзини дела се поставувани на повеќе групни изложби во Англија, Ирска, Шкотска и Канада...

Сепак, за свој досега најголем успех таа го смета претстојното учество на Венецискиото биенале 2005, каде заедно со осуммина колеги ќе се претстави со проектот New Forest Pavilion. **„Кога ја дознав веста дека ќе бидеме учесници, ми беа потребни неколку дена сето тоа да ми 'влезе в глава'. Буквално не можев да поверувам дека, еве, таква голема шанса е пред мене".**

Во Венеција Елпида и нејзините колеги одат во организација на галеријата Art Sway. **„Станува збор за народна галерија на современа уметност со која соработувам успешно 5-6 години. Проектот, инаку, го започна Марк Сегал, директор на галеријата, и тоа прво како идеја на која работевме од пред една и пол година. Имавме голема среќа да ни биде понуден простор во Венеција, а шестмина од уметниците со кои галеријата Art Sway има многу блиска соработка, бевме одбрани да учествуваме во овој проект. За финансиските средства неопходни за реализацијата на целиот проект во Венеција аплициравме до Англискиот совет за уметност, кој ја прифати нашата идеја и замисла и нѐ поддржа, но со обврска да ни се придружат уште тројца уметници од регионот, коишто соработувале со Art Sway во изминатите години. Потоа почна конкретната реализација на проектот, кој во меѓувреме го помогнаа уште три спонзори. Сакам да нагласам дека ликовната и другите уметности во Англија, освен државата, многу често ги помагаат спонзори, поединци или, пак, компании - по објавувањето на информацијата за нашето учество на претстојното Биенале во Венеција, се јавија многу спонзори со желба да помогнат нашето преставување да биде што поуспешно".** Индивидуалниот проект на Елпида Хаџи-Василева, кој е дел од заедничкиот проект, носи наслов **„Me, you & them"** (Јас, ти и тие), а на него работела од јануари до април годинава, за време на нејзиниот престој во Ирскиот музеј на модерна уметност во Даблин. **„Во историјата на овој музејот стои податокот дека пред неколку векови тој бил кралска болница, во која биле сместувани стари лица, болни и парализирани војници. Со фотографска манипулација почнав да ја реализирам замислата за реконструкција на тоа минато и отсутно време во заградениот двор на Музејот. Проектот ќе биде прикажан во форма на четири кратки филмови".**

Хаџи-Василева е во Англија од март 1992 година, дошла најпрво со намера да остане само 6 месеци, но набргу се соочила со фактот дека мора да донесе голема одлука за својот натамошен живот - дали ќе остане во Англија или ќе се врати назад во Македонија.

**„Во Лондон дојдов по големото разочарување што го доживеав бидејќи не успеав да се запишам на Ликовната академија во Скопје. Тоа многу ме погоди. Дојдов во Лондон со идеја да се обидам да се запишам на некој од тукашните факултети. Благодарение на уметникот Глигор Стефанов, којшто веќе беше во Лондон и ги знаеше овдешните можности, во октомври 1992 година станав студентка на прва година на Foundation in Art and Design. Така, иако ми беше многу мачно, со тешко срце одлучив да останам во Лондон и да се борам да ста-**







Минатото и отсутно време во Ирскиот музеј на модерна уметност - инспирација за Елпида Хаџи Василева

**нам уметник. Конкурирав на School of Art во Шкотска, која е една од најдобрите академии за уметност, на отсекот за скулптура и, на моја голема среќа и радост, успеав да се запишам. Дипломирав како еден од најдобрите студенти на генерацијата, а во 1996 година завршив постдипломски студии на отсекот за скулптура на Royal College of Art".**

И како и секој новодојден во оваа средина, Елпида го поминала патот на паралелно студирање и работа, за да ја совлада суровата реалност и предизвиците што биле пред неа. **„Покрај студиите, кои бараа голем ангажман, морав постојано да работам за да можам самата да ги плаќам моите трошоци. Беше многу тешко, но чинам дека имав и многу среќа. Во оваа земја најпрво дојдов како бебиситерка, да чувам деца, бев сместена во едно грчко семејство, кое многу ми помогна не само финансиски туку и емоционално да ја пребродам таа криза и да успеам да опстанам во оваа земја. И денеска тие луѓе ми се како моја фамилија, и јас не можам без нив. Исто така, една прекрасна жена, кај која работев секој викенд, професорка по филозофија на Универзитетот во Глазгов, ми помогна да ја платам, во најголемиот дел, школарината за првата година на постдипломските студии. Потоа беше полесно - во втора година од постдипломските студии, преку Royal College of Art успеав да добијам стипендија од фондацијата основана од Хенри Мур. Значи, разочарана од неуспехот да се запишам на Ликовната академија во Скопје, дојдов со сосема разнишана доверба во себе, но имав среќа овде да завршам студии и да магистрирам како стипендист на големиот Хенри Мур. Тоа беше трнливиот пат по кој се искачував кон успехот како уметник".**

А за тоа каде е сега, на кое скалило до врвот на уметноста, Елпида Хаџи-Василева вели: **„Каде сум сега?! Да бидам искрена, и самата не знам. Развојот на уметноста и на сопствениот уметнички пат во неа е нешто многу чудно, понекогаш и необјасниво. Уметникот и самиот најчесто не знае кога е навистина афирмиран, познат по своето дело и што тоа навистина значи. Среќна сум што можам да опстанам и да создавам уметност.**

> **„Да се учествува на Венецијското биенале - каде што присуствуваат повеќе од 20.000 професионалци и новинари од областа на уметноста - е брилијантна можност за мојата натамошна кариера, која често сум ја сонувала и посакувала: Елпида Хаџи-Василева"**

**Напоредно со мојата уметничка дејност, можеби околу четири-пет месеци во годината, работам и на реставрирање ѕидни слики и скулптури. Ваквата работа ми овозможува доволно финансиски средства за да можам останатите месеци во годината целосно да им се посветам на моите дела и, на мое големо задоволство, времето да го минувам во моето ателје, кое се наоѓа во Брајтон, на еден час патување јужно од Лондон, каде што се преселив во минатата година. Брајтон е прекрасно место, се наоѓа на море, таму работам и го делам животот со мојот партнер".**

Гоце Ристовски





Успешен бизнис – Поубав дом

Станбени кредити за реконструкција, реновирање и проширување на домот за кои гарантира Вашата фирма!

- За сопственици на мали и средни претпријатија
- Висина на кредитите од 500 € до 15 000 €
- Рок на отплата до 48 месеци
- Флексибилни услови
- Поволни каматни стапки
- Исплата на средствата во готово
- Можност за користење на кредитот во транши

Ние не сме најголема банка, затоа се трудиме повеќе.
Во ваша полза. Со нас добивате повеќе.

ИК БАНКА
ИЗВОЗНА И КРЕДИТНА БАНКА
СОЗДАВАМЕ ВРЕДНОСТИ

Скопје - 02/ 3224 973, 02/ 3224 974, 02/ 3122 334, 02/ 2468 044; Битола - 047/ 222 342; Неготино 043/ 370 779; Прилеп - 048/ 418 983; Гевгелија - 034/ 218 120; Св.Николе - 032/ 440 340; Ресен - 047/ 452 508
www.ikbanka.com.mk